**Известување за концентрација со која Нетцетера Груп АГ (Netcetera Group AG), Цирих, Швајцарија, ќе стекне контрола врз Алфа Софтвер Услуги АСД ГмбХ (Alpha Software Dienstleistungs ASD GmbH), Келн, Германија**

**(предмет бр. 08-184/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Нетцетера Груп АГ (Netcetera Group AG) со регистрирано седиште на ул. Зипресенштрасе 71, 8004 Цирих, Швајцарија има намера да стекне единствена контрола врз Алфа Софтвер Услуги АСД ГмбХ (Alpha Software Dienstleistungs ASD GmbH) со регистрирано седиште на ул. Виталисштрасе 67, 50827, Келн, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Нетцетера Груп АГ** е софтверска компанија основана во 2003 година со седиште во Цирих, Швајцарија. Главната понуда која Нетцетера Груп АГ ја нуди на пазарот на корисниците е развој на информатичка технологија (ИТ) со различни ИТ услуги и продукти и софтверски производи, особено во областа на финансиската индустрија (вклучувајќи ги и услугите во врска со онлајн трансакции и дигитално банкарство и безбедност на дигитални плаќања), но и транспорт индустријата, медиумите како и здравствениот сектор.

Главните области во кои Нетцетера Груп АГ остварува деловни активности опфаќаат:
- Развој на индивидуален софтвер и софтверски производи.
- Дигитално банкарство и финансиска технологија.
- Безбедно дигитално плаќање.

На пазарот во Република Северна Македонија, Подносителот е присутен како содружник во две трговски друштва и тоа:

- Нетцетера ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Партизански Одреди бр. 70 Б, 1000 Скопје, РСМ, со регистрирана дејност 62.100- компјутерско програмирање.
- Блокверс ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Анкарска бр. 18/1 А, 1000 Скопје, РСМ, со регистрирана дејност 62.100- компјутерско програмирање.

Покрај активностите на Нетцетера Груп АГ наведени погоре, Гисеке+Девриент ГмбХ е особено активен во областа на производство на банкарски картички

**Алфа Софтвер Услуги АСД ГмбХ** е основано ден 31.07.2025 година под називот Алтстадсее 703 В.В. ГмбХ .

Според подносителот на известувањето релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар на софтверски производи и услуги за создавање на апликации за банки и даватели на платежни услуги во рамки на Европската економска област.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

29.12.2025 година

Скопје